Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на Република Македонија" бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 224/24) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14,04/19, 07/19,1/21,11/25 и 13/25) постапувајќи по барање на **Општина Аеродром** за сечење на дрво Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## РЕШЕНИЕ

1.**СЕ ОДОБРУВА** да се изврши: кастрење на урбано зеленило (јавно зеленило) на 1(едно) дрво (топола) што се наоѓа на паркингот до зградата **на ул."Венијамин Мачуковски" бр.4 влез 3 - Скопје.**
2.Кастрењето на дрвото ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје најдоцна во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението.
3.Кастрењето на дрвото да се изврши стручно и на соодветен начин како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на ЈП "Паркови и зеленило"-Скопје.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Општина Аеродром, бул."Јане Сандански" бр.109Б- Скопје,** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр.**14-6/229** од **26.03.2026** година за сечење на дрвото што се наоѓа на паркингот до зградата **на ул."Венијамин Мачуковски" бр.4 влез 3– Скопје.**
Службено лице од Град Скопје и службеникот од ЈП "Паркови и зеленило"-Скопје го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација.
Утврдено е дека дрвото предмет на барањето има суви и кршливи гранки коишто при посилен ветер паѓаат врз паркираните возила и истите ги оштетуваат.
Согласно член 8 а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на Република Македонија" бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 224/24), јавното зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување во границите на планскиот опфат на урбанистички план, урбанистичкопланска документација, регулациски план на генерален урбанистички план како и архитектонско-урбанистички проект.
Согласно член 9 став 1 точка 8 од горе наведениот закон, јавното зеленило, предмет на ова решение се смета за ,, друго зеленило на јавни отворени простори ,, Согласно член 13 од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП ,, Паркови и зеленило,,- Скопје.
Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или градот Скопје се должни да донесат решение со кое ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво, и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С" или кастрење: „К").

Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за јавно зеленило дека зеленилото е во состојба што треба да се искастри  па поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/229/2**
**15.04.2026** година
Скопје

**Доставено до:**Барателот, ЈП “Паркови и зеленило”-Скопје и Архива

Изработил:
**Игор Трпковски**

____________________

Раководител на одделение
**Емил Ѓуровиќ**

____________________

Раководител на сектор
**Зоран Лапевски**

____________________

Градоначалник на Град  Скопје
**Орце Ѓорѓиевски**

____________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАД СКОПЈЕ-СКОПЈЕ
QYTETI I SHKUPIT-SHKUP
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT